# „Кој јадел лук или кромид, нема да ни се придружи – или рече: нека не ѝ се приближува на џамијата, туку нека остане во неговата куќа.“

Џабир бин Абдулах, радијаллаху анхума, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Кој јадел лук или кромид, нема да ни се придружи – или рече: нека не ѝ се приближува на џамијата, туку нека остане во неговата куќа.“, На Пратеникот, алејхи селам, му беше донесено тенџере во кое имало зеленчук, и почувстувал мирис од него, па прашал што има внатре и му кажале, а тој рекол: „Донесете го.“, за еден од асхабите што бил со него, но тој кога го виде јадењето, не сакаше да го јаде, па Пратеникот му рече: „Јади, зашто јас комуницирам со некој со кој ти не комуницираш.“ А Муслим пренесува, од Џабир бин Абдулах, од Аллаховиот пратеник, алејхи селам, кој рекол: „Кој јаде од оваа билка, лук“ – а еднаш рекол: „Кој јаде кромид, лук и праз, немој да се доближува до нашата џамија, зашто на мелеците им пречи она што им пречи на синовите Адамови.“

[صحيح] [متفق عليه]

Пратеникот, алејхи селам, му забранил на секој што јаде лук или кромид да доаѓа во џамија, за да не им пречи со мирисот на своите браќа кои присуствуваат на намаз. Тоа е забрана да се оди во џамија, а не да се конзумираат, бидејќи тие се дозволени јадења. Нему му донесоа тенџере со зеленчук, кога почувствува мирис во него, се воздржа од јадење и му го даде на еден од неговите другари да јаде од него, а тој го одби следејќи го во тоа Аллаховиот пратеник, алејхи селам, кога тоа го виде Пратеникот му рече: Јас комуницирам со ангелите за Објавата. И Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нѐ известил дека на мелеците им пречи лошата миризба, како што им пречи на луѓето.

https://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/4850